АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 01.03.2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 1191 | 1 | |


До: д-р Зоран Трајчевски, директор
на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** вонреден, реализиран по реакција на гледач (бр.03-1142/1 од 26.02.2016 г.)

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ 3 ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот:** 14 февруари 2016

4. **Датум на извршување на надзорот:** 29 февруари 2016 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој);

   - **Правилник за заштита на малолетните лица** („Службен весник на Република Македонија" бр. 172/14);

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**

Со вонредниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ 3 ДООЕЛ Скопје, емитуван на 14 февруари 2016 година, на државно ниво, **констатирано е прекршување на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица.**

Во периодот на мониторингот, на програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ 3 ДООЕЛ Скопје, играниот филм „Исклучена" (Offline), кој се сретнува и со називот „Cyberstalker" е несоодветно означен како програма од Прва категорија – наменета за целата публика и се емитува во несоодветен временски период од денонoќието.

Со надзорот е констатирано дека сценариото на серијата вклучува систематски и зачестени описи, сцени и/или глетки на психо –физичко насилство, кои можат да ги растревожат малолетните лица. Според критериумите од Правилникот за заштита на малолетните лица, филмот треба да биде означен како програма од Трета категорија (12+), што не се препорачува за деца под 12 години, за која е неопходен надзор од родител/старател, а може да се емитува само во периодот од 20:00 до 05:00 часот.

| Наслов на емисија | Датум на емитување | Период на емитување | |
|---|---|---|---|
| | | Почеток | Крај |
| „Исклучена (Offline) / (Cyberstalker) “ | 14 февруари 2016 | 13:42:43 | 15:10:32 |
| **Опис на прекршувањето** | | | |
| Играниот филм е погрешно означен како програма од Прва категорија и е емитуван во несоодветен термин од денонoќието. | | | |

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица**, на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ 3 ДООЕЛ Скопје, на 14 февруари 2016 година, играниот филм Исклучена (Offline)/Cyberstalker“ е означен со погрешна предупредувачка сигнализација и е емитуван во несоодветно време од денонoќието.

9. **Предлог мерка:**

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ 3 ДООЕЛ Скопје, и во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и

- Да се изврши контролен надзор за почитувањето на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***